## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ – СКРИПТА „КОНТАКТОЛОГИЈА" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВЕСНА ЧЕЛЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-196/17 од 29.8.2018 г., на редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на ден 29.8.2018 година, бевме избрани за Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Милка Јанкуловска-Здравковска, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- проф. д-р Зденка Стојановска, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- проф. д-р Каролина Блажевска-Бужаровска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев", Штип

за изготвување на извештај/рецензија на ракописот-скрипта **„Контактологија"** од **доц. д-р Весна Челева.** Скриптата е наменета за студентите на Стручните студии по оптометрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и студентите на постдипломски специјалистички студии - специјализанти по офталмологија.

По прегледот на ракописот-скрипта, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Понудениот ракопис од доц. д-р Весна Челева со наслов „Контактологија" е скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Скриптата е за предметот Контактологија, кој го изучуваат студентите од студиската програма Оптометрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во четвртиот семестар со неделен фонд на часови од 2 + 3 + 1. Приложениот ракопис на доц. д-р Весна Челевае во согласност со Предметната програма по предметот Контактологија.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот на доц. д-р Весна Челева, според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана скрипта во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во својата содржина, на 85 страници, скриптата содржи вкупно 70 слики. Станува збор за скрипта што е изработен врз основа на специфична предметна програма од обласата на контактологија, составена од предметниот наставник, доц. д-р Весна Челева. Оваа скрипта по контактологија од доц. д-р Весна Челева се нуди како прирачник, којшто на студентите од Студиската група по оптометрија во голема мера ќе им помогне во совладувањето на теориските основи и ќе им ја приближи практичната примена на контактологијата во медицинските науки.

Колку што можеме да дознаеме од достапните податоци, не постои скрипта со сличен или ист наслов, објавен на македонски јазик.

**Краток опис на содржината на прирачникот**

На почетокот е дадена содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од скриптата.

Тематските содржини се организирани во 12 тематски целини, од кои секоја е како поглавје во овој прирачник. Во секоја тема е даден теоретски осврт за темата која се обработува, а потоа и практично се опишува историскиот развој на пронаоѓањето и

клиничката примена на различните видови на контактни леќи, опишани се физичките и хемиските својства на различните видови на контактните леќи, терминологијата која се користи при изработката, препишувањето и фитувањето на контактните леќи, неопходните иследувања пред и по фитувањето на контактните леќи и слично. Подолу се дадени во кратки црти подрачјата од тематските целини што ги опфаќа секое поглавје.

Поглавје 1 – Прикажан е историскиот развој на пронаоѓањето, развојот и клиничката примена на различните видови на контактни леќи, поткрепени со соодветни слики;

Поглавје 2 – Во оваа тема се опишуваат различните видови на контактни леќи и нивната поделбата според различните својства на контактните леќи во зависност од материјалот од кој се произведуваат, големината на дијаметарот, нивната примена, специфичните дизајни и слично;

Поглавје 3 – Обработена е терминологијата која се користи при корекција на рефрактивните аномалии;

Поглавје 4 – Обработена е терминологијата која се користи при производството и фитувањето на различни контактни леќи со посебен осврт на терминологијата која се разликува кај одредени видови на контактните леќи како корнеалните контактни леќи, меките контактни леќи, склералните контактни леќи, бифокалните контактните леќи;

Поглавје 5 – Во оваа тема се обработуваат оптичките принципи на контактните леќи со посебен осврт на ригидните контактни леќи и сферните ригидни контактни леќи на торична роговица;

Поглавје 6 – Во оваа тема се обработува резидуалниот астигматизам;

Поглавје 7 и 8 – Се опишуваат физичките и хемиски својства на различни видови на контактни леќи;

Поглавје 9 и 10 – Се обработуваат неопходните иследувања пред да се одредат и препишат соодветните контактните леќи;

Поглавје 11 и 12 – Се обработуваат неопходните иследувања по фитувањето на контактните леќи за потврдување на правилното фитување кое овозможува добра видна острина и удобност.

Во целата скрипта сликовито се прикажани инструментите, кои се користат при прелиминарните иследувања и иследувањата кои се изведуваат по препишувањето на контактните леќи. Сликовито се прикажани и одредените параметри кои се неопходни при изработката на контактната леќа, но и при нејзиното препишување и одредување. Терминологијата која се употребува при изработката, производството и фитувањето на контактните леќи е детално обработена. Оптичките карактеристики на контактните леќи се графички прикажани, како и детално се обработени физичките и хемиски својства на различните материјали од кои се изработуваат контактните леќи.

Скриптата, всушност, претставува основа за теоретското учебно помагало по предметот Контактологија кое напоредо се издава и надополнува со практикумот кој истовремено се предлага за објавување.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на материјата авторката на овој труд применува современи начела и принципи, како од методски така и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, јасно и сосема прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримаат и да ја разберат контактологијата како подрачје кое пред сѐ се занимава со решавање на рефрактивните аномалии, односно намалената видна острина. Покрај неговата примарна намена, оваа скрипта може да биде многу полезна и за сите студенти од биомедицинските науки што го изучуваат предметот Офталмологија во првиот циклус на студии, како и за студентите на постдипломски специјалистички студии - специјализанти по офталмологија.

Од сето што е погоре кажано може да се заклучи дека скриптата под наслов „Контактологија" од доц.д-р Весна Челева ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензирана скрипта. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронска скрипта на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Милка Јанкуловска-Здравковска, с.р.**
**Проф. д-р Зденка Стојановска, с.р.**
**Проф. д-р Каролина Блажевска-Бужаровска, с.р.**